# СБОРНИК НАУЧНИ ТРУДОВЕ

МЕЖДУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЯ

# "СТУДЕН МИР ПОД ЗАПЛАХА - ИНТЕГРАЦИЯ И СИГУРНОСТ“

13 май 2022 г.

**СБОРНИК НАУЧНИ ТРУДОВЕ**

**МЕЖДУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЯ**

**„СТУДЕН МИР ПОД ЗАПЛАХА – ИНТЕГРАЦИЯ И СИГУРНОСТ“**

**13 май 2022 г.**

**Организатор: Департамент „Национална и международна сигурност (НБУ)**
**Съорганизатори:** National Security Faculty of War Studies University, Warsaw, Poland
Научно-технически съюз по машиностроене „INDUSTRY 4.0”
Български хъб за обединени Балкани
Списание „Сигурност“, издател „Парадокс” ООД

**Научен комитет:**
*Председател:* Доц. Тодор Коларов, д.н., ръководител на департамент „Национална и международна сигурност“
*Научен секретар:* Проф. д-р Калин Гайдаров (НБУ)
*Членове:*
Проф. Николай Радулов, д.н. (НБУ)
Проф. д.т.н. д-р хон. кауза Георги Попов (НТС)
Prof. Ryszard Szpyra (WSU, Warsaw, Poland)
Col. Assoc. Prof. Andrzej Soboń, PhD (WSU)
Assoc. Prof. Ilona Urych (WSU)
Assoc. Prof. Piotr Grochamlski (WSU)
Dr Lech Drab (WSU)
Д-р Райчо Георгиев (НТС)

**Организационен комитет:**
*Членове:* Доц. Тодор Коларов, д.н., проф. Николай Радулов, д.н., гл. ас. д-р Дафинка Сидова, гл. ас. д-р Михаел Димитров, ас. д-р Гергана Йорданова, ас. Николай Марков, Marlena Blicharz, PhD
*Технически секретар:* Салиха Боровин

Съставителство и научна редакция: проф. д-р Калин Гайдаров
Рецензенти: проф. Георги Бахчеванов, д.н., доц. Тодор Коларов, д.н.
Техническо оформление и редакция: маг. Инж. Радослав Даскалов, гл. ас. д-р Михаел Димитров, гл. ас. д-р Дафинка Сидова и ас. д-р Гергана Йорданова

**ISBN** 978-619-7383-26-3

гр. София
2022 г.

## СЪДЪРЖАНИЕ

**СРАВНИТЕЛЕН АНАЛИЗ МЕЖДУ КОНЦЕПЦИЯТА ЗА "ШИРОКАТА СИГУРНОСТ" И КОНЦЕПЦИЯТА ЗА ЧОВЕШКАТА СИГУРНОСТ**
*гл. ас. д-р Дафинка СИДОВА* ........................................ 7

**СОВРЕМЕН ДИСКУРС НА ДЕФИНИРАЊЕ НА ВОЈНАТА И МЕЃУНАРОДНИОТ ВООРУЖЕН КОНФЛИКТ**
*Вонр.проф. Д-р Оливер АНДОНОВ Вонр.проф. Д-р Тони ЃОРГИЕВ* ........................................ 19

**СТУДЕНИЯТ МИР МИНАВА ПРЕЗ КИБЕРПРОСТРАНСТВОТО**
*д-р Пламен АТАНАСОВ* ........................................ 28

**ХИБРИДНИ И АСИМЕТРИЧНИ ЗАПЛАХИ ЗА СИГУРНОСТТА**
*Доц. д-р Йордан БАКАЛОВ* ........................................ 35

**ОРГАНИЗАЦИОННИ И МЕТОДОЛОГИЧНИ УКАЗАНИЯ, ЗА ФОРМИРАНЕ НА ПЪРВОНАЧАЛНИ НАВИЦИ ПО СТРЕЛБА СЪС СЛУЖЕБНО ОРЪЖИЕ**
*Докторант Мирослав Христов КЕНАНОВ* ........................................ 42

**ЗА СТРУКТУРНАТА РЕФОРМА В МИНИСТЕРСТВОТО НА ВЪТРЕШНИТЕ РАБОТИ И МЯСТОТО НА ГЛАВНА ДИРЕКЦИЯ „ПОЖАРНА БЕЗОПАСНОСТ И ЗАЩИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО“ - МВР**
*Проф. д-р Георги БОТЕВ* ........................................ 48

**ЕДИНОДУШИЕ, МНОЗИНСТВА И СКОРОСТИ В ОБЩАТА ВЪНШНА ПОЛИТИКА И ПОЛИТИКА НА СИГУРНОСТ НА ЕС**
*доц. д-р Васил ГЕОРГИЕВ* ........................................ 56

**ДОКТРИНАТА НА ХЪНТИНГТЪН ПРЕД НОВИ ПРЕДИЗВИКАТЕЛСТВА**
*Проф.дн Вихрен БУЗОВ* ........................................ 64

**СБЛЪСЪКЪТ МЕЖДУ САЩ И КИТАЙ ПРЕЗ XXI ВЕК: ПРИЧИНИ И ПОСЛЕДИЦИ**
*гл. ас. д-р Ерол БУЮКЛИЕВ* ........................................ 69

**ПРАВЕН РЕЖИМ НА ОХРАНИТЕЛНАТА ДЕЙНОСТ ПРИ ПРЕВОЗ НА ТОВАРИ С ЖЕЛЕЗОПЪТЕН ТРАНСПОРТ.**
*доктор Станимира ЧЮБАТАРОВА – НИКОЛОВА* ........................................ 83

**СЪЩЕСТВУВА ЛИ ПАРАЛЕЛ МЕЖДУ УКРАЙНА И РСМ?**
*Иво Недялков* ........................................ 89

**ИНДИВИДУАЛНАТА НРАВСТВЕНОСТ КАТО ОСНОВЕН ЛИЧНОСТЕН ФАКТОР В ДЕТЕРМИНАЦИЯТА НА СОЦИАЛНОТО ПОВЕДЕНИЕ**
*проф. д-р Калин ГАЙДАРОВ* ........................................ 96

**ПРИЛОЖИМАТА (КИБЕР)СИГУРНОСТ КАТО ПРОБЛЕМ НА ПОТРЕБИТЕЛИТЕ**
*професор д-р Венелин ГЕОРГИЕВ* ........................................ 99

**„ОРГАНИЗАЦИЯ И УПРАВЛЕНИЕ НА ЧОВЕШКИТЕ РЕСУРСИ В УС-ЛОВИЯТА НА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЯ“**
*докторант Даниел ИВАНОВ* ........................................................................................ 110

**АКТУАЛНИ СХВАЩАНИЯ ЗА ВОЕННОТО СЪТРУДНИЧЕСТВО**
*доц. д-р Мариан НИНОВ, докторант Петър ПЕТРОВ* ........................................................ 117

**ПОЛИТИКИ И ПАРТНЬОРСТВА НА ОРГАНИЗАЦИЯТА ЗА СИГУРНОСТ И СЪТРУДНИЧЕСТВО В ЕВРОПА(ОССЕ) В ПОДКРЕПА НА МИРА НА ЗАПАДНИТЕ БАЛКАНИ**
*Доц. д-р Йордан БАКАЛОВ* ........................................................................................ 126

**VLAN HOPPING ATTACK**
*доц. д-р инж. Иван ИВАНОВ* ........................................................................................ 134

**ФОРМИРАНЕ НА САМОКОНТРОЛ И САМООЦЕНКА В ПРОЦЕСА НА ОБУЧЕНИЕ НА СЛУЖИТЕЛИТЕ ПРИ СТРЕЛБА СЪС СЛУЖЕБНО ОРЪЖИЕ**
*Докторант Мирослав Христов КЕНАНОВ* ........................................................................ 139

**СТРАТЕГИЧЕСКИЯ КОМПАС ЗА СИГУРНОСТТА И ОТБРАНАТА НА ЕС – ДЕЙСТВИЯ, ЗАЩИТА, ИНВЕСТИЦИИ, ПАРТНЬОРСТВО**
*доц. д-р Васил ГЕОРГИЕВ* ........................................................................................ 144

**ПСИХОЛОГИЧЕСКА ПОДГОТОВКА В ХОДА НА ФОРМИРАНЕТО У СЛУЖИТЕЛИТЕ С ПОЛИЦЕЙСКИ ПРАВОМОЩИЯ НА ПЪРВОНАЧАЛНИТЕ УМЕНИЯ ПО СТРЕЛБА СЪС СЛУЖЕБНО ОРЪЖИЕ**
*Докторант Мирослав Христов КЕНАНОВ* ........................................................................ 150

**ДИНАМИЧНА СИГУРНОСТ В МЕСТАТА ЗА ЛИШАВАНЕ ОТ СВОБОДА**
*инспектор Росен КИРИЛОВ* ........................................................................................ 156

**АСПЕКТИ НА ЧАСТНАТА ОХРАНИТЕЛНА ДЕЙНОСТ**
*Доц.ДТН Цвета Тодорова МАРКОВА, д-р Николина МАРКОВА* ........................................... 162

**ВЪЗПИРАНЕТО – УТОПИЯ ИЛИ ВЪЗМОЖНОСТ ПРЕД "НЕИЗБЕЖНАТА" ВОЙНА**
*Борис Куманов, д-р Маргарита КУМАНОВА* ........................................................................ 168

**ТЕСТВАНЕ НА СИГУРНОСТТА ВЪВ VPN**
*доц. д-р инж. Иван ИВАНОВ* ........................................................................................ 172

**БЪДЕЩИ ТЕХНОЛОГИЧНИ ТЕНДЕНЦИИ И СТРАТЕГИИ В СИГУРНОСТТА**
*д-р Стефания МИРЧЕСКА* .................................. 179

**АНАЛИЗ НА ЗДРАВНИЯ СТАТУС НА НАСЕЛЕНИЕТО В РБЪЛГАРИЯ В УСЛОВИЯТА НА COVID-19**
*д-р Розалия АНАСТАСОВА, д-р Емил РАЙНОВ, доц. д-р Полина МИХОВА* ..........................187

**ЕС ВЪВ ВРЕМЕНА НА ПРЕДИЗВИКАТЕЛСТВА: НАКЪДЕ ОТИВА ИНТЕГРАЦИЯТА?**
*д-р Иван НАЧЕВ* ........................................................................................ 198

**ИЗКУСТВЕН ИНТЕЛЕКТ – КЛЮЧОВ ИНСТРУМЕНТ ЗА ХИБРИДНА ВОЙНА**
*д-р Стефания МИРЧЕСКА* ........................................................................................ 205

**СТУДЕНИЯТ МИР И ПАРТНЬОРСКОТО ВОЕННО СЪТРУДНИЧЕСТВО НА НАТО**
*доц. д-р Мариан НИНОВ, докторант Петър ПЕТРОВ* ........................................................ 212

**ИДЕЯТА ЗА ПРОМЕНИ В КОНСТИТУЦИЯТА НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА В КОНТЕКСТА НА НЯКОИ ПОСЛЕДНИ СЪБИТИЯ В СТРАНАТА**
*Проф. дн Николай ПРОДАНОВ* ........................................................................................ 220

**ИНТЕРНЕТ КАТО ОСНОВА НА ИНФОРМАЦИОННОТО ОБЩЕСТВО - ТЕНДЕНЦИИ НА РАЗВИТИЕ**
*д-р Светослав ВЕЛКОВ* ........................................................................................ 228

**РАДИКАЛИЗИРАНЕ НА ИСЛЯМСКИЯ ПРИЗИВ. КЛЮЧОВИ ФИГУРИ, СПОСОБСТВАЛИ ЗА УПОТРЕБАТА НА РЕЛИГИЯТА ИСЛЯМ ЗА ПОЛИТИЧЕСКИ ЦЕЛИ.**
*д-р Христина ЙОРДАНОВА* ........................................................................................ 236

**ВЛИЯНИЕ НА УКРАИНСКИЯ КОНФЛИКТ, ВЪРХУ СТАБИЛНОСТТА НА ЗАПАДНИТЕ БАЛКАНИ - ВЪЗМОЖНИ ПОСЛЕДИЦИ.**
*Доц. д-р Йордан БАКАЛОВ* ........................................................................................ 244

# СОВРЕМЕН ДИСКУРС НА ДЕФИНИРАЊЕ НА ВОЈНАТА И МЕЃУНАРОДНИОТ ВООРУЖЕН КОНФЛИКТ

Вонр.проф. Д-р Оливер АНДОНОВ
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје
andonov.oliver@yahoo.com

Вонр.проф. Д-р Тони ЃОРГИЕВ
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје
tonigjorgiev@yahoo.co.uk

***Апстракт:*** Трудот „Современ дискурс на дефинирање на војната и меѓународниот вооружен конфликт“ има два дела. Првиот дел се однесува на теорискиот развој на современото дефинирање на војната, односно на филозофија и физиономијата на војната и нејзината поврзаност со современата доктрина на вооружена борба. Вториот дел од трудот претставува осврт кон актуелните меѓународни односи низ призмата на гледање на вооружената агресија и нејзините последици. И двата дела од трудот се поврзани и во пракса актуелизирани низ примерот на вооружената борба и обидот за претставување на вооружената агресија како воена интервенција во Украина.

Тенденција е да ги појасниме новите гледишта како современата војна низ призмата на доктринарните измени на водењето на вооружената борба продолжува да претставува извор на загрозување на сигурноста. Да ги претставиме новите пристапи кон дефинирањето на војната во современи услови, и да направиме пресликување во рамките на меѓународните правни норми. Ќе се обидеме да го појасниме дискурсот на меѓународното воено право и вооружената агресија како детерминирани категории во меѓународното право.

Како резултат на овој теориски осврт ќе дадеме еден заклучок за современата доктрина на вооружената борба и гледиштата за политичко-прагматичното претставување на војната и судирот со определувањата во рамките на меѓународното воено право од правен и политичко-прагматичен аспект.
***Клучни зборови:*** *војна, физономија, филозофија, доктрина, агресија, воена интервенција.*

***Abstract***: The paper "Contemporary Discourse on Defining War and International Armed Conflict" has two parts. The first part refers to the theoretical development of the modern definition of war, it the philosophy and physiognomy of war and its connection with the modern doctrine of armed struggle. The second part of the paper is a review of current international relations through the prism of looking at armed aggression and its consequences. Both parts of the paper are related and actualized in practice through the example of armed struggle and the attempt to present armed aggression as a military intervention in Ukraine.

We tend to clarify new perspectives on how the modern war through the prism of doctrinal changes in the conduct of the armed struggle continues to be a source of security threat. To present the new approaches to the definition of war in modern conditions, and to make a reflection within the international legal norms. We will try to clarify the discourse of international military law and armed aggression as determined categories in international law.

As a result of this theoretical review, we will give a conclusion about the modern doctrine of the armed struggle and the views on the political-pragmatic representation of the war and the conflict with the determinations within the framework of international military law from a legal and political-pragmatic aspect.
***Keywords: war:*** *physiognomy, philosophy, doctrine, aggression, military intervention.*

**Вовед** Да зборуваме за војната нејзината концептуализација, физиономија, феноменологијта и за доктрината на вооружената борба во 21-от век што е нешто што е сосема различно од тоа што го знаеме за војната како традиционален пристап на нејзиното општествено значење, но и како доктрина на водењето на вооружената борба.

Токму најновиот вооружен судир – војна, помеѓу Русија и Украина наметнуваат две насоки во размислувањето за физиономијата на војната и доктрината на вооружената борба во современи услови и во размислувањето на дефиницијата на војната низ призмата на меѓународното воено право. И во двете насоки ќе наидеме на судир на традиционалното разбирање на физиономијата и феноменологијата на војната и со тоа и новиот пристап во доктрината на вооружената борба, како и со општественото оправдување на војната во меѓународните односи во 21-от век.

Имено, уште кон крајот на минатиот век и самиот почеток на овој век како последица на современите војни или војни од петтата генерација се пристапи и кон промената на разбирањето на војната, а со тоа и на доктринарните пристапи на вооружената борба. Секако тие искуства несомнено придонесоа и кон општествено-политичкото редефинирање на војната, но и нејзиното „прифаќање“ во меѓународната заедница како неминовност и оправданост. Во овој пристап имавме две насоки на доктрината на вооружената борба, а со тоа и два пристапи на меѓународната сцена во однос на оправдувањето за водењето на војната или агресијата. При пристапот за меѓународно правното оправдување на водењето на војната се пристапи кон покривање на војната како општествен феномен кои има оправдание од ООН, односно Советот за безбедност на ООН и со негова одлука дејствува една или повеќе држави во насока на зачувување на светскиот мир, односно спречување на геноцид од страна на некоја држава во внатрешен конфликт или спречување на употребата на оружје за масовно уништување. Врз основ на оваа оправдување пред меѓународната јавност за целите на војната како праведни, хумани и оправдани се примени и нова доктрина на вооружената борба која во основа ја измени физиономијата и физиологијата на војната и употребата на вооружените сили во современите услови. Таа промена на доктрината на вооружената борба се движеше од примената на воздушни удари и удари од дистанца, поддржани со дејствија на специјални сили врз инфраструктурни објекти или политички и војни лидерства, па се до противпобуненички дејствија кои во овој период дадоа карактеристики на таканаречените војни од петтата генерација.

Овие дејствија вклучуваа изразено многу висока технологија, но за разлика од војната во Ирак и Афганистан во првата фаза, војната со СРЈугославија не влезе во втора фаза, бидејќи проценките на сојузниците беа дека ќе се претрпат неприфатливи загуби, а во исто време проценката на тогашниот Југословенски политички врв беше дека населението, посебно во урбаните средини нема да може да ги издржи последиците врз инфраструктурата од воздушните удари и ударите од дистанца. Поради овие факти војната со СР. Југославија заврши со резолуцијата 1244 на ООН и со политичко-територијалните последици врз Србија и регионот кои ги имаме и денес, а се рефлектираат и во глобалната политика на меѓународните односи видлива во војната помеѓу Русија и Украинаи политичкото емпириско оправдување на сецесијата на дел од Украина поврзано со Косово како преседан кој раѓа нов преседан. Оттука, дефинирањето на војната во современи услови како теориски, така и во пракса преку барање на оправдување за водење на војната или сецесија на дел од територијата е исклучиво и само изговор, но традиционалната дефиниција на Клаузевиц дека „војната е продолжување на државната политика со други средства“[1], останува во суштина основа за дефиниција на војната во меѓународните односи и нејзината поврзаност со политиката. Единствената разлика која можеме да ја забележиме во однос на важењето на оваа дефиниција за војната од Клаузевиц е во тоа што истата може да се употреби како полноважечка исклучиво за големите сили, посебно членките на Советот за безбедност на ООН. Останатите држави во меѓународната заедница тешко дека преку оваа дефиниција би

[1]Карл фон Клаузевиц, **„За војната“**, МАГОР ДОО, Скопје, 2009,стр.16

можеле да оправдаат отпочнување на војна. Секако, никој никогаш нема на буквален начин преку дефиницијата на Клаузевиц да ја оправдува војната, туку во секој случај политичкото и општественото оправдание за водење на војната е сместено во филозофскиот пристап и поимање на причините и целите на војната. Така, несомнено дека во пракса гледаме јасно изразена цел на војната на Русија против Украина, а тоа е „денацификацијата“. Употребата на поимот денацификација заради оправдување на војната не значи дека тоа е така иако за оправданоста на употребата на овој поим како политичка алатка во рацете на Русија пред меѓународната јавност многу аргументи даде и самата Украина изминативе години. Токму определувањето на целите на војната при што на „денацификацијата“ се додава и “демилитаризација“ на Украина е поврзано со современите политички теории детерминирани во Русија, особено детерминирани како „четврта политичка теорија“ која би требало да биде замена за досегашните класични политички теории и тоа тоталитаристички политички филозофии (фашизам и комунизам), односно либерализмот како политичка идеологија (лев или десен) кој во 20-от век ги победи тоталитарните политички филозофии, но прашањето на четвртата политичка теорија го поставува токму прашањето на метаморфоза на сите овие три политички теории од 20-от век во современи услови на 21-от век. Токму затоа оправдувањето низ целите на војната која денес ја гледаме во Украина има свој концепциски и теориски основи во таканаречената „четврта политичка теорија“ на Дугин и потребата од дефинитивно спротивставување на досегашните три политички теории на модерниот и постмодерниот свет преку враќање на традицијата и основната творба на земјата – рајот[2]. Сепак, ова е само теориски пристап заснован врз политички теории и нивната политичко-општествена функционалност и како и да е не е целосен, бидејќи не се работи за оправдување на војната како општествен феномен, туку како потреба војната да биде објаснета нејзината феноменологија и физиологија.

Вториот пристап кон дефинирањето на војната во насока на нејзино оправдување е избегнувањето на употребата на терминот „војна“, бидејќи во конкретниот случај повлекува и објаснување на дефинирањето на војната според Повелбата на ООН и нејзина забрана со што агресорот подлегнува на меѓународна осуда и реакција на колективниот систем за безбедност на ООН за што ќе зборува подетално подолу во трудот. Овде се работи за употреба на еуфемизам како „безбедносна воена операција - интервенција“, а што треба да не дозволи употреба на терминот „војна“ или вооружена агресија и со тоа да се избегнат политичките и други последици по агресорот.

Всушност ниту теорискиот пристап во рамките на идеолошката основа на војната, ниту меѓународно-правната детерминираност на војната, ниту пак традиционалните или современите дефиниции за војната не ја определуваат нејзината физиологија и феноменологија. Тоа што ја определува војната во пракса е доктрината на вооружената борба, а војната во Украина гледано низ призмата на нејзината физиономија и доктрина на вооружена борба во пракса ја дефинира современата војна.

## 1.Војната како филозофија, физиономија и доктрина на вооружената борба

Историски гледано, војната има две значења како филозофија на пристап кон војната. Западниот дискурс на размислување за војната доминантно ја прифаќа дефиницијата на Клаузевиц која војната како организирано насилство ја поврзува, односно претставува како алатка за остварување на политичките цели. Во овој контекст не се посветува внимание на прашањето кое и не е реторичко: „дали војната е специфично или општо гледано легална или етичка“? Во секој случај воените цели или воената цел е неморална, но етиката во војната и нејзината законска враменост се многу важни, но за политичкиот пристап кон филозофијата на војната, не за стратегискиот или доктринарниот пристап.

[2]Александар ГаљевичДугин, **„Четврта политичка теорија“**, Мир, Београд, 2013,стр.23

Ова е првото филозофско толкување на војната исклучиво низ призмата на политиката за да може да се зборува за воени закони, обичаи на однесување во војната помеѓу завојуваните страни и кон населението вклучувајќи ја етиката на војувањето.

Второто значење или филозофски пристап кон војната е филозофијата на правниот пристап, односно определување на војната како правна состојба со дефинирани граници на организираното насилство.

И двата пристапи во основа ја ограничуваат војната, а на тој начин и стратегискиот и доктринарен пристап определувајќи ги законските и етичките граници на војната или кој кого, кога и каде може да убие, што се легитимни цели или што се заштитени подрачја и категории на учесници или жртви во војната. Како и да е во однос на антогонистичките страни во војната неопходно е и двете да имаат формална власт и да не се владеат во однесувањето според сопствената волја без разлика дали се победници или победени во војната, особено во случаеви кога единствено ограничување на војната е волјата на победничката страна[3]. Токму во овој контекст и стратегискиот пристап и доктрината на водењето на вооружената борба зависат од филозофскиот пристап и законската рамка на војната, но секако дека е потполно погрешно водењето на војната да се ограничи исклучиво на оперативната употребата на вооружените сили што несомнено доведува до погрешни заклучоци во однос на филозофијата на војната и особено нејзината политичка природа.

Карактерот на војната во минатото секако бил различен, а тоа се заклучува врз основ на стратегискиот пристап кон операционалното водење на војната и доктрината на водењето на вооружената борба. Доминантно е разбирањето дека војната е меѓудржавен акт кој во себе вклучува две компоненти: конвенционалната армија и цивилното население. Армијата со своите видови, пред се копнената војска и морнарицата во минатото се борат на линијата на фронтот во борбен строј или колони водејќи организирани борбени дејства во облик на борби, боеви и битки. Во реалноста, малите борби против герилските и партизанските сили низ целата човечка историја биле многу чести, како и опсадните борби. Всушност вообичаено војната е комбинација на разновидни борбени дејствија на видлив фронт или во оперативната длабочина или заднина со употреба на еден вид армија па се до комбинирани копнено-поморско-воздушни операции.

Традиционално пристапувајќи кон војната и од филозофски аспект и како физиономија, но и како доктрина на вооружената борба, некако „најнормално" е прифаќањето на војната помеѓу организирани држави (меѓународно-правни субјекти) на чело со политички лидерства, влади или легитимни суверени (владетели).

Враќајќи се кон западните гледишта на војната, особено кон американскиот пристап несомнено се добива впечаток дека влијанијата врз политиката на војната се неминовни за дефинирањето на војната од филозофски и општествен феноменолошки пристап. Како што вели Хансон, американците ја гледаат војната на доста точен начин вклучувајќи во него широка перспектива на политика, економија, историја (како контекст) и национални интереси - цели[4].

Во периодот на 19-от и поголемиот дел на 20-от век и на истокот, поточно во Русија погледите кон војната не се разликуваат од оние на западот. Кон оваа истоветност на погледите кон филозофијата на војната придонесува и фактот кој поради некои околности се случил, а тоа дека Клаузевиц и Антоан-Анри Жомини, двајца исклучителни воени теоретичари на 19-от век биле во служба кај рускиот цар. Ова секако придонело и во руската војна мисла да биде прифатена основната политичко-филозофска теорија на војната како „продолжување на политиката со насилни средства". Во овој период на едноставното прашање „што е тоа војна" и во руската војна мисла и теорија се пристапувало исклучиво од

[3] Steven Metzand, Phillip R.Cuccia,**„DefiningWarForThe 21st Century"** , Strategic Studies Istitute Annual Strategy Conference Report 2010, U.S. Army War College, Carlisle, 2011, pp 2 http://www.strategicstudiesinstitute.army.mil/pdffiles/pub1036.pdf

[4] Victor Davis Hanson, **„Carnageandculture: landmark battles in the rise of Western power"**, NewYork: Doubleday, NewYork, 2001, pp79

позициите на стратегиските расправи кои се однесуваат на стратегијата на употребата на вооружените сили како почеток на доктринарниот пристап за водење на вооружената борба. Дури по втората светска војна, во руската (советската) војна мисла се проширува поимањето на војната од политичко-филозофски пристап кон доктринарен пристап, зборувајќи дека специфична содржина на војната е вооружената борба. Сепак, дури и по распадот на СССР, во Русија, војната се перципира како политичко-социјална појава. Во воената енциклопедија од 1994 година војната се дефинира како: „социјално-политичка појава која представува еден од начините за разрешување на социјално-политичките, економските, идеолошките, како и националните, религиозните, територијалните и други противречности помеѓу државите, народите, нациите, класите и социјалните групи со помош на средства за воено насилство, при што вооружената борба претставува специфично својство на војната“[5]. Секако, ова специфично својство на војната определено како вооружена борба подразбира употреба на моќта на оружјето и методите на неговата употреба како што впрочем потполно исто се дефинира на запад.

Сепак концентрирањето врз моќта на оружјето и методите на неговата употреба претставува пристап низ кој се поврзува политичката филозофија на војната со доктрината на вооружената борба, но без тенденција да се поедностави војната низ призмата на конвенционалното војување како парадигма. Оттука и пристапот кон промената на физиономијата на војната и доктрината на водењето на вооружената борба во контекст на актуелните случувања во војната помеѓу Украина и Русија претставува конкретна научна потреба за компаративна анализа на современиот и научен пристап кон разбирањето на физиономијата на војната и посебно доктринарните пристапи на САД, Русија и Кина во 21-от век, за кои доста храбро можеме да заклучиме дека поради нивното искуство и согледување не се дијаметрално спротивни.

Овие современи разбирања на физиономијата на војната и доктрината на вооружената борба несомнено наметнуваат и редефинирање на дефиницијата на војната и низ политичко-филозофскиот пристап кон војната. Основното современо прашање е: „Како знаеме дека сме во војна“? На ова прашање не следува одговор, туку токму набројување на сите облици во кои војната може да започне, а тоа не е вооружен напад, односно започнување на борбени дејства туку други облици на непријателски активности со цел ослабување или дезориентирање на непријателот. Тоа може да бидат и ограничени непријателски активности во поедини аспекти во зависност од целите на војната кои пак за јавноста може да бидат невидливи или нејасни. Така што нацијата може да биде во постојана војна, а тоа и да не го знае до степен да неможе да го препознае непријателот, односно непријателот нема таканречен „борбен идентитет“.

Токму затоа, разбирањето на современата физиономија на војната и доктрината на вооружената борба при отворен вооружен судир во чии рамки е познат борбениот идентитет претставува нов пристап кон современото војување.

### *1.1.Компаративен пристап на физиономијата и доктрината на современата војна*

Да се направи компаративен пристап на физиономијата и доктрината на современата војна претставува исклучителен предизвик кој во еден труд со ограничен обем нема да може во целост да биде опфатен. Промените од традиционален пристап кон современ пристап кон определувањето на војната и нејзината политичко-филозофска перцепција во чии рамки се истакнува физиономијата на војната и доктрината на вооружената борба, но не давајќи примат на вооружената војна при водењето на војната, започнува кон крајот на 20-от век. Теориските пристапи во руската војна мисла и теорија во оваа насока во 1997 година ги започнува Василиј Гулин, тврдејќи дека од филозофска точка на гледање, војната не ја обликува обликот на насилство туку бескомпромисната борба против средствата за примена

[5] Военнаяэнциклопедия, том 2 ,Военноеиздательство, Москва, 1994, стр.233

на насилство, победа на едната страна и пораз на другата страна, како и промена на односите на моќ и сила. Гулин дури и ја претскажува епохата на „цивилизирани војни“ во чии рамки ќе се постигнуваат политичките цели преку примена на други облици на насилство, односно не исклучиво со директно вооружено дејствие[6]. Исто така, Гулин ја третира студената војна како специфична Трета светска војна и смета дека во мултиполарниот свет во 21-от век „бескрвната војна“ ќе биде доминантна како начин на решавање на противречностите помеѓу државите и светските центри на моќ[7]. Овој пристап на осовременување во погледите кон физиономијата на војната претставен од Галин дури во втората декада од 21-от век е прифатен како основа за согледување на современите тенденции на војната и поврзаноста на физиономијата на војната и доктрината на водењето на вооружена борба. Тоа не е случаен пристап и „откровение“ на руската воена мисла, туку се работи за реакција на геополитичките промени и искуствата од војните на самиот крај на 20-от век и почетокот на 21-от век, а особено е резултат на заострување на односите помеѓу големите сили и сложеноста на политичката и стратегиската позиција на Русија, со што пристапот кон „откривањето“ на новата физиономија на војната и со тоа и современиот доктринарен пристап добива нов импулс, која пак не останува ограничен исклучиво на Русија.

Овој нов пристап кон физиономијата на војната и доктрината на вооружената борба во пракса ја спроведува генералот Валериј Герасимов како началник на генералштабот на вооружените сили на Руската Федерација во периодот од 2013 до 2019 година. Токму актуелните случувања во Украина и војната која Русија ја започна кон Украина, преку физиономијата на војната и доктрината на водењето на вооружената борба во пракса ќе ни ја потврдат или отфрлат оваа хипотеза на Герасимов чие тестирање го гледаме во реалноста. Тоа што ние можеме да го компарираме и анализираме во овој труд е само тоа што го добиваме како информации од водењето на борбените дејствија и евентуалните резултати без можност точно да го предвидиме крајниот исход, особено затоа што не се јасни руските воени цели, како и теренските собитија.

Но, да се вратиме на теоријската расправа за физиономијата на современата војна и доктрината на водењето на вооружената борба што не е ексклузивитет на руската воена мисла.

Втората декада од 21-от век го карактеризира светот како период на заострување на геополитичките противречности помеѓу големите сили, обидот за воспоставување на мултиполарен свет со нова распределба на моќта, регионални и суб-регионални политички и социјални потреси и вообичаено државни ненасилни или со незначително насилство преврати и војни судири од локално значење без разлика на учесниците во истите. Сите овие феномени особено се манифестираа на голем геополитички појас од атлантскиот брег во Северна Африка преку Медитеранот и Левант до Блискиот и Средниот Исток. Оваа нестабилност трае и денес во состојба на граѓански и хибридни војни со видливо надворешно мешање со постојани кризи на работ на вооружени судири што не го заобиколуваат и просторот на Средна Азија, односно постсоветскиот простор во Азија, но како отворена меѓудржавна војна за прв пат на меѓународната сцена ја имаме војната помеѓу Русија и Украина.

Во концепциска смисла сите овие феномени на војната пред теоријата за војната и научната јавност поставија нов проблем, или проблем кој се однесува на појмовното определување (дефинирање), типологизацијата и класификацијата на современите војни. Всушност, се наметнува дилема што и кои од овие загрозувања на безбедноста може да се стави во контекст на феноменот на војната и да се определи современата физиономија на војната и доктрината на вооружената борба. Спротивно на оваа теоретска расправа за врамување на војната низ призмата на современите случувања – вооружени конфликти и утврдување на физиономијата на современата војна е образецот на политичкото дејствување колку и да е тоа во разни форми на прагот на „војна“.

[6] Василий Гулин, **„О новой концепции войны“**, Военнаямысль2, Москва, 1997, стр.3-4
[7] Ibid, стр.13-14

Од теориски аспект, многу е важно да направиме дистинкција помеѓу утврдувањето на изразените феномени на војната кои ќе ни овозможат да ја утврдиме нејзината физиономија и определиме доктринарниот пристап во современите војни, а што од научен аспект претставува движење во рамките на истражувањето на воените – одбранбените науки, додека на мислење сме дека поради изразената мултидисциплинарност на современото војување, а со тоа и пристапот кон физиономијата на војната дефинирана како „бескрвна војна", може да биде врамен во рамките на научните истражувања на мирот и конфликтите. При тоа, конфликтноста опфаќа и политички аспект на истражување на физиономијата на војната како значаен индикатор за придвижување на теоријата и праксата на доктрината на вооружената борба која е составен дел на војната како традиционална теориска поставеност низ призмата на вооружен судир.

Поаѓајќи од стратешката проценка на геополитичката сцена, руската воена мисла обидувајќи се да ја редефинира војната во современи услови во времето на Герасимов утврдува дека во 21-от век постои тенденцијата за занемарување на разликите помеѓу војната и мирот и дека војните повеќе не се објавуваат, а кога ќе започнат не се одвиваат спрема вообичаените шаблони кои ги знаеме[8]. Ова тврдење и спознание за редефинирање на војната од страна на Герасимов од позицијата началник на генералштаб на ВС на Руската федерација, всушност претставува теориски вовед на современиот пристап кон војната и со тоа промена на физиономијата на разбирањето на војната и вовед во „реформите" на руската војска кон нова доктрина на водењето на вооружената војна.

Овој современ теориски пристап кон физиономијата на војната од страна на Русија не поминал незабележано на Запад, но истиот е наречен колоквиално „доктрината на Герасимов"[9], концентрирајќи се на Руско-Украинскиот спор околу Донбас и Крим и дефинирајќи го како хибридна војна со изразени субверзивни активности што би претставувало нова руска концепција за водење на модерна војна. Всушност Западното мислење се насочи од игнорирање на ставовите и изјавите на Герасимов до нивно евидентирање како некој вид на беспрекорен план и нов начин за водење на војна. При тоа, гледањето на Запад било доста ограничено, не водејќи сметка дека не се работи за доктринарен пристап туку едноставно за промена на теориските гледања на војната, за да подоцна врз таа основа се направи измена на доктрината на вооружената борба и употребата на единиците на Руската армија што денес го гледаме како тест за успешност или неуспешност во Украина.

Резултатите од овој нов теориски пристап од пред скоро една деценија денес ги гледаме во пракса низ војната помеѓу Русија и Украина. Токму редефинирањето на дефиницијата на војната веројатно создаде лажна слика кај Руската федерација дека именувањето на оваа војна како интервенција ќе остави простор за политичка манипулација со воените цели на агресијата. Сепак во пракса видлива е промената на доктрината на водењето на вооружената борба и тоа конкретно во соодносот на силите на теренот при што обратно од традиционалната доктрина на водење вооружена борба и нападни операции предноста во персонал е на страна на бранителот наместо на напаѓачот. Во исто време се потенцира воено-техничката и огнена надмоќ на напаѓачот кој се потпира врз маневарските способности на сопствените единици за брза концентрација на силите и големата огнена моќ и маневар со оган на големи дистанци и удари по длабочина врз целата територија на Украина.

Тешко е да се даде прецизно предвидување за тоа како ќе заврши војната и дали новата руска доктрина на вооружена борба ќе биде успешна. Секако дека засега е далеку од „бескрвна војна", и на терен покажува многу слабости поради што се поставува прашањето: „дали можеби Русија нема да ја смени доктрината во масовен напад со цел потполно

---

[8] Валерий Герасимов, **„Основные тенденции развития форми способовприменения ВС, актуальные задачи военной науки по их совершенствованию"**, Вестник Академии военныхнаук 42(1), Москва, 2013, стр. 24-29

[9] Mark Galeotti, **"I'mSorryforCreatingthe 'GerasimovDoctrine'"**, ForeignPolicy, March 5, 2018, https://foreignpolicy.com/2018/03/05/im-sorry-forcreating-the-gerasimov-doctrine/ Видено: 05/05/2022

окупирање на територијата на Украина"? Тоа би значело отворено прифаќање на голем број жртви, но и можеби видлив успех доколку се променат целите на војната кои засега се сеуште нејасни.

Како и да е оваа војна ја определи променетата физиономија на војната како сеопфатна зафаќајќи ги сите области на живеење и покрај на бојното поле истата се води интензивно во информатичкиот простор со целата жестина и интензитет, а тоа подразбира и обострана пропаганда на страните и нивните сојузници.

## 2. Меѓународно правен дискурс на војната и воената интервенција

За да можеме да изведеме попрецизни заклучоци за дефинирањето на современата војна во 21-от век, неопходно е да се осврнеме на правниот дискурс на војната и војната интервенција. Многу е важно најпрво да утврдиме кој учествува во војната и кои правила управуваат со војната во 21-от век, односно кој е одговорен за одржување на мирот и спроведување на меѓународното право. Ако веќе ја имаме погоре дефиницијата на *Клаузевиц* за војната (*продолжување на политиката со други средства*), тогаш ќе мора да се каже дека Агресија е призната како кривично дело во вообичаеното меѓународно право. Во Член 6 од Нирнбершката повелба ја дефинира својата судска надлежност како вклучување на „Кривично дело против мирот".

Имено, планирање, подготвување, иницирање, или водење на воена агресија или војна која ги прекршува меѓународните договори, спогодби или ветувања, или учество во заеднички план или заговор за исполнување на гореспоменатото. Резолуцијата 95(1) од Генералното собрание ги потврди принципите признати од Нирнбершката повелба и пресуди, каде агресијата беше именувана како „врховно меѓународно кривично дело"[10].

Повелбата од Токио ги вклучува истите принципи како и Здружената контрола за правото на Советот бр. 10, Резулуцијата 3314 (XXIX) од Генералното собрание од 14 декември 1974 година, што содржи дефиниција за агресија спорна во однос на Повелбата.[11] Прашање е сега во конкретниот случај во Украина под која дефиниција ќе се води повредата на меѓународното право иако од вселената се гледа дека е повредено и кој суд ќе биде признат за легитимен, имајќи во предвид дека Русија е постојана членка во ООН и дека истата делегира судии во меѓународниот суд.

Гледано од друг агол, дека Русија се повикува на практиката на меѓународниот суд на правдата каде врз СР. Југославија (денес се подразбира Србија) во 1999 година беше изврши воен напад од страна на НАТО алијансата, а меѓународниот суд даде свое мислење за легитимноста на нападот поврзано со одлуката за независно Косово во 2008 година. Дали сега станува збор за погрешно толкување од стана на Русија и истата таа одлука се користи како аргумент за сепаратизмот на Донецк и Луганск и нивното право за прогласување на независност, каде Русија воено би интервенирала во нивна „заштита", при тоа отфрлувајќи го зборот „агресија" и додавајќи дека станува збор за меѓународна воена интервенција.

Доколку едно право раѓа друга неправда тогаш сериозноста на пристапот и почитување на меѓународното право или кршење на истото може да биде од исклучително значење не само за човековите права и нивното почитување туку и уште повеќе од тоа

[10] Види ја пресудата 186, 41 AJIL, 1947 год., 172.

[11] Види го, Генералниот договор за откажување на војната (Пактот Келог-Брајан), 1928 год., која го осудува прибегнувањето кон војна како инструмент на меѓународната политика; член 1 од нацрт-кодот на прекршоци против мирот и безбедноста на Комисијата за меѓународно право , 1954 год. и член 1(2) од преправениот нацрт-код усвоен во 1996 год., Член 16 од подоцнежниот инструмент, одрдува дека лидерот кој како лидер или организатор активно учествува или наредува планирање, подготвување, иницирање или зпочнување на агресија извршена од државата, ќе биде одговорен за злосторства за агресија.

опстанок на светот или дел од тој свет. Доколку пак, се оди во нова насока на веќе започнатото, а тоа е создавање на државност или нови држави и дали раѓањето на нова држава првенствено е прашање на факт или закон и како интеракција помеѓу критериумот за ефикасност и други релевантни принципи можат да се усогласат, се прашање на значителна сложеност и значајност. Откако terrae nullius не се веќе очигледни, создавањето на нови држави во иднина, откако ќе биде завршен процесот на деколонизација, може да се постигне само со намалување или исчезнување на постојаните држави и оттука произлегува потребата за внимателна регулација. Неодамнешните настани како, растурањето на Советскиот Сојуз, Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Чехословачка го обележуваат ова. Дали употребата на ефективна контрола каде се третира како начин на окупација и препишување како посебна категојија е клучниот фактор кој ги поврзува концептите на употреба на ефективна контрола во иста широка рамка. Окупацијата е метод на стекнување територија која не припаѓа никому (terra nullius) и која ќе биде стекната од држава во одредени ситуации.

**Заклучок**

Поаѓајќи од редефинирањето на војната како поим, односно дефинирајќи ја војната во современ аспект како општествена појава која се води на сите нивоа и во сите општествени области, а при тоа во прв план имајќи ја за цел промената на доктрината на вооружената борба, може да заклучиме дека целите во новата (бескрвна војна) се насочени кон потполна контрола во разузнавачко-информативниот простор. Од друга страна имаме видлива промена во толкувањето на правните аспекти во рамките на меѓународното право во врска со агресијата, а сето тоа благодарение на непостојаноста на меѓународно-правниот поредок како емпирија во односите на големите сили меѓу себе и кон државите, а во зависност од нивните стратешки интереси.

Во овој контекст доктрината на вооружената борба која ја гледаме во Украина, а која ја применува Русија претставува нов пристап во водењето на вооружена борба во нападни операции на туѓа територија и во основа станува збор за епохална промена на парадигмата согласно современите тенденции. Дали таа ќе биде потврдена во пракса ќе видиме на крајот од војната односно од резултатите и суштината на договорот кој секако како мировен договор на крајот ќе мора да биде потпишан помеѓу Русија и Украина.

Меѓународно правниот пристап исто така за очекување е да биде под влијание на резултатите од ефикасноста на доктрината на вооружената борба која Русија ја применува во Украина. Сепак, мора да кажеме дека и покрај сите изговори и емпириски пристапи заради оправдување на агресијата врз Украина, според меѓународното право и Повелбата на ООН, Русија е агресор. При тоа, во овој заклучок не навлегуваме во детална елаборација на мотивите и причините и поводот за ваквата реакција на Русија туку едноставно се придржуваме исклучиво на словото на меѓународното право кое ја дефинира агресијата.

Во крајна инстанца, и промената на дефинирањето на војната и промената на парадигмата за војната како општествена појава и промената на доктрината на вооружената борба и промената на современите меѓународни односи и опкружување, како и изворите на загрозување што влијае врз редефинирањето на војната и нејзината физиономија, во конкретниот случај во војната помеѓу Русија и Украина може да заклучиме дека станува збор за меѓународен вооружен судир, акт на агресија и војна во која освен промената на доктрината на вооружена борба, тестирањето на истата таа доктрина и употребата на современи видови на вооружување, се друго е исто и на терен се води класична војна преку копнени, воздушни и поморски операции на целата територија и длабочина на Украина.

Теорискиот пристап кон современото дефинирање на војната и вооружениот судир низ призмата на сеопфатноста на војната, нејзината физиономија и водењето на вооружената борба ќе остане предизвик за научната јавност, но завршувањето на војната во Украина ќе

даде практични одговори не само за поимањето на војната и ефикасноста на новата доктрина на вооружена борба која ја применува Русија туку и на новиот меѓународно-правен и воопшто севкупен меѓународен поредок и односите помеѓу големите сили и центри на моќ.

**Библиографија**

1.Александар Гаљевич Дугин, **„Четврта политичка теорија“**, Мир, Београд, 2013
2.Victor Davis Hanson, **„Carnageandculture: landmark battles in the rise of Western power“**, NewYork: Doubleday, NewYork, 2001
3.Василий Гулин, **„О новой концепции войны“**, Военнаямысль 2, Москва, 1997
4.Герасимов Валерий, **„Основные тенденции развития форми способовприменения ВС, актуальные задачи военной науки по их совершенствованию“**, Вестник Академии военныхнаук 42(1), Москва, 2013
5.Карл фон Клаузевиц, **„За војната“**, МАГОР ДОО, Скопје, 2009
6.Steven Metzand, Phillip R. Cuccia, **„Defining War For The 21st Century“**, Strategic Studies Istitute Annual Strategy Conference Report 2010, U.S.Army War College, Carlisle, 2011

Военнаяэнциклопедия, том 2., Военноеиздательство, Москва, 1994

Mark Galeotti, “I’mSorryforCreatingthe ‘GerasimovDoctrine’”, ForeignPolicy, March 5, 2018, https://foreignpolicy.com/2018/03/05/im-sorry-for creating-the-gerasimov-doctrine/ Видено: 05/05/2022